Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 88-та седница одржана на ден 16.06.2023 година донесе

О д л у к а

Пријавата заведена под број 12-1238/1 од 24.02.2022 година, со наводи за сомневање во тендер на АД МЕПСО, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување по предметот.

Предметот со број 12-1238/1 од 24.02.2022 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, ----------, на ден 24.02.2022 година, на електронска адреса поднесена е пријава заведена под број 12-1238/1 од 24.02.2022 година, по која е оформен предмет со наводи за наводи за сомневање во тендер на АД МЕПСО.

Во пријавата се изнесуваат наводи и сомневања дека јавниот повик ----------, објавен во Јануари 2022, од страна на АД МЕПСО преку ЕБРД, со краен датум на отварање на понуди на 04.04.2022 година, бил наместен за една фирма - производител ---------- ---------- ----------, бидејќи наводно само тие ги исполнувале строгите и ограничени услови кои биле дадени во тендерската документација и кои се бараат од страна на МЕПСО.

При разгледувањето на пријавата и од извршени проверки ДКСК констатира дека:

- Предметниот јавен повик бил проект финансиран со грант и целосно администриран од Европската банка за обнова и развој (Банката). Документацијата содржела информации како што се: детални технички и финансиски барања; информации за парцели; очекуваниот исход; барања за подобност и квалификација; датум на започнување на договорот; планирано времетраење на договорот; други релевантни информации.

Предметната набавка се спроведува согласно Политиките и правилата за набавки на Европската Банка, на кои ќе подлежат и договорите кои би се склучиле, а истата ќе се спроведела исклучиво со користење на порталот за е-набавки за клиенти на EBRD (ECEPP), на кој потенцијалните учесници можеле да пристапат, а Регистрираните учесници можат веднаш да се

логираат и да пристапат до документацијата, а нерегистрираните учесници може да го сторат тоа по завршување на кратка регистрација.

На страната на ЕБРД, наведениот проект кој започнал 12.01.2022 година, се води како затворен со датум 04.04.2022 година.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека во предметниот случај се работи за проект финансиран од Европска банка за обнова и развој (ЕБРД) за што има целосно уредена постапка, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател
Катица Николовска

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц,
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК